Давател на доверливи услуги КИБС

# Правила за осигурување од професионална одговорност на давателот на доверливи услуги

**Последна измена: 12.06.2020,** 1201-248/1 (види ги претходните верзии)

**Историја на промени:**

| Верзија | Датум | Автор | Цел на промената |
|---|---|---|---|
| 3.0 | 12.06.2020 | Марин Пиперкоски | Прилагодување на МК-eIDAS. Технички промени. Додадена „Историја на промени“. |
| 2.0 | 02.07.2011 | Марин Пиперкоски | Документот е променет согласно сугестии од правен советник и технички уреден согласно стандардите на КИБС |
| 1.0 | 01.12.2003 | Марин Пиперкоски | Нов документ |

**Важна забелешка**:

Правилата за осигурување од професионална одговорност на КИБС како давател на доверливи услуги (во понатамошниот текст: Правила/та) се основа за обештетување согласно осигурување од професионална одговорност утврдена со закон[1]. КИБС како давател на доверливи услуги, следејќи подзаконски акт[2], во целост е прилагоден на поставените барања за износ на покритие на ризикот од одговорност за штета.

КИБС како давател на доверливи услуги, без ограничување на набројувањето кое следи, обезбедува услуги на издавање електронски сертификати, електронски печати, временски жигови, електронска препорачана достава и т.н. За секоја доверлива услуга КИБС јавно објавува „Правила и услови“ за користење на услугата. Овие правила и услови содржат соодветна информација за осигурувањето од професионална одговорност на давателот на доверливи услуги.

Овие Правила се авторско право на КИБС.

Ниту еден дел од овие Правила не смее да се репродуцира, складира или воведе во некој информациски систем, ниту да се пренесе, во било каква форма и на било кој начин (електронски, механички, со фотокопирање, преснимување или со други средства), без претходна писмена дозвола од КИБС АД Скопје.

Сите прашања и коментари во врска со содржината и спроведувањето на овие Правила доставете ги до:

**КИБС АД**
Бул. „Кузман Јосифовски Питу“ 1,
helpdesk@kibstrust.mk
https://www.kibstrust.mk
1000 Скопје, Република Македонија

[1] Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (МК-eIDAS)

[2] Правилник за утврдување на најнискиот износ од осигурувањето од евентуалната штета предизвикана од издавачот и минималниот износ или видот на покритието на осигурување од ризикот од одговорност за штета причинета од страна на давателот на квалификувана доверлива услуга

# Содржина


| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Корисници на овие Правила** | **4** |
| 1.1. | Претплатници | 4 |
| 1.2. | Засеганти страни | 4 |
| 1.3. | Права на корисниците како трета страна | 4 |
| 1.4. | Неовластени производи | 4 |
| 1.5. | Затворена корисничка група | 4 |
| 1.6. | Вработени и соработници | 4 |
| **2.** | **Обем на покритие** | **4** |
| 2.1. | Покритие од материјална одговорност | 4 |
| 2.2. | Осигурен настан | 4 |
| 2.3. | Доверливост | 4 |
| **3.** | **Исклучоци** | **5** |
| 3.1. | Почесни награди | 5 |
| 3.2. | Покритие на материјална одговорност | 5 |
| 3.3. | Казни | 5 |
| 3.4. | Инсолвентност | 5 |
| 3.5. | Контрола над корисникот | 5 |
| 3.6. | Колективна одговорност | 5 |
| 3.7. | Барање за поништување | 5 |
| 3.8. | Грижливост | 5 |
| 3.9. | Материјална обврска која произглеува од Правилата и условите на услугите | 5 |
| 3.10. | Мерки на безбедност | 5 |
| 3.11. | Мерки на претпазливост | 6 |
| 3.12. | Незаконски дејства | 6 |
| 3.13. | Злоупотреба на услугите | 6 |
| 3.14. | Оправдано нефункционирање на опремата | 6 |
| 3.15. | Нефункционирање на хардверската и софтверската опрема: | 6 |
| 3.16. | Чуствителна опрема | 6 |
| 3.17. | Пред авторизација | 6 |
| 3.18. | Граници | 7 |
| 3.19. | Потенцијална одговорност | 7 |
| **4.** | **Услови на осигурување** | **7** |
| 4.1. | Вистинити факти | 7 |
| 4.2. | Побарувања по други основи | 7 |
| 4.3. | Сопствена грешка | 7 |
| **5.** | **Валидност на осигурувањето** | **7** |
| 5.1. | Општо | 7 |
| 5.2. | Рок | 7 |
| 5.3. | Период на осигуран износ | 7 |
| **6.** | **Процедура на поднесување на побарувања** | **7** |
| 6.1. | Случајни или последични штети | 7 |
| 6.2. | Процедура | 7 |
| 6.3. | Реакција на корисникот | 8 |
| **7.** | **Ограничување на обештетувања кон корисниците** | **8** |
| 7.1. | Лимити на обештетување | 8 |
| 7.2. | Распределување на побарувањата | 8 |
| **8.** | **Ограничувања на плаќањата за засегнатите страни** | **8** |
| 8.1. | Максимални ограничувања за засегнатите страни | 8 |
| **9.** | **Ограничување на плаќането за корисниците и засегнатите страни** | **8** |

9.1. Највисока граница на одговорност 8

**10. Максимални граници 8**

10.1. Општо 8
10.2. Максимални граници 8
10.3. Исцрпување на средствата на осигурување 9

**11. Поединечен прекршок 9**

11.1. Поединечен прекршок 9
11.2. Поединечна трансакција 9

**12. Ажурирања и дополнувања 9**

**13. Виша сила 9**

**14. Конфликт на одредби 9**

**15. Одвоивост 9**

**16. Надлежен закон 9**

**17. Законски права 10**

# 1. Корисници на овие Правила

## 1.1. Претплатници

Претплатници се регистрирани физички и правни лица кои користат доверливи услуги на КИБС (во натамошниот текст: корисници). Регистрацијата се изведува на веб-страниците на давателот на доверливи услуги КИБС, во Регистрациска канцеларија или во Локалните регистрациски канцеларии во Република Македонија.

## 1.2. Засеганти страни

Овие Правила се однесуваат и на сите засегнати страни кои се потпираат на информациите произлезени од користењто на услугите на давателот на доверливи услуги КИБС

Засегната страна е физичко или правно лице кое има правен интерес од електронска идентификација или доверливи услуги.

## 1.3. Права на корисниците како трета страна

Овие Правила немаат за цел да создаваат права на корисникот како некоја трета страна, освен за оние страни кои се наведени како корисници во точка 1.1 и во точка 1.2.

## 1.4. Неовластени производи

Овие Правила се однесуваат само на страните кои купуваат услуги директно од давателот на доверливи услуги КИБС или преку неговите овластени претставници (Локални регистрациски канцеларии или Застапници) во Република Македонија. КИБС не е одговорен, односно овие Правила не се однесуваат на страните кои неовластено користат производи кои можат да го носат името на КИБС или неговите заштитени трговски марки.

## 1.5. Затворена корисничка група

Овие Правила не се применуваат за корисниците на доверливи услуги кои се набавени или на друг начин се ставени на располагање за употреба во рамките на затворената корисничка група, што е предмет на посебен договор, освен ако поинаку не е наведено во договорот за затворената корисничка група.

## 1.6. Вработени и соработници

Правилата наведени во овој документ се применуваат на сите вработени и соработници на КИБС, кои имаат добиено доверлива услуга од КИБС заради извршување на работи од доменот на нивната работа.

# 2. Обем на покритие

## 2.1. Покритие од материјална одговорност

Правилата даваат гаранција дека дејноста на КИБС како давател на доверливи услуги е предмет за обезбедување на покритие од професионална материјална одговорност. Правилникот обезбедува покритие од ризиците кои произлегуваат од употребата на услугите и користењето на производите, како што е наведено во точките 2.2 и 2.3.

## 2.2. Осигурен настан

Осигурен настан според овие Правила претставува законската одговорност настаната заради грешка или пропуст од небрежност, при совесно и чесно изведување на законските должности од страна на КИБС во текот на давањето на доверливи услуги. Осигурениот случај претставува иден, непредвидлив, неочекуван и штетен настан, независен од вољата на вработените во КИБС.

## 2.3. Доверливост

Овие Правила се еднострана изјава на КИБС со која се уверуваат корисниците на услугите за нивната доверливост. Од таму Правилата не може да се толкуваат ниту поинаку, освен онака како што е овде наведено.

# 3. Исклучоци

Како исклучоци и органичувања од одговорноста на КИБС по основ на покритие на материјална одговорност, односно КИБС како давател на доверливи услуги нема да сноси никаква материјална одговорност и нема да врши никакво обештетување на штетни настана кои се настанати при случаите наведени во точките што следат.

## 3.1. Почесни награди

Побарувања поврзани со спорови кои произлегуваат од услугите кои се дадени бесплатно, за тестирање или претставуваат награда.

## 3.2. Покритие на материјална одговорност

Одговорноста која е резултат од определена обврска поинаква од онаа којашто произлегува од МК-eIDAS преземена од корисник кого го товари статусот на материјална одговорност, како законска одговорност, добивајќи одговорност на трета страна, договорни казни и тн.

## 3.3. Казни

Надоместување кое е настанато од судски, трансакциски, фискални, административни, дисциплински или стопански казни, како и судски трошоци од казнена процедура кога тие се на товар на корисникот лично.

## 3.4. Инсолвентност

Барањата кои се како резултат на инсолвентност на корисникот.

## 3.5. Контрола над корисникот

Барањата наметнати од некое правно лице кое има контрола над корисникот, филијала на корисникот, некое правно лице контролирано од страна на корисникот или неговите филијали.

## 3.6. Колективна одговорност

Доколку некој од корисниците се смета за одговорен за факти кои доведуваат до барање на одговорност што спаѓа во исклучоците кои се погоре наведени, тогаш овој исклучок ќе се прошири исто така и на останатите корисници.

## 3.7. Барање за поништување

Неизвршување или без причина одложување од страна на корисникот да навремено ги спроведе било кои дејства кој бил должен да ги спроведе според правилата на КИБС, вклучително и да испрати барање за поништување на сертификати или друг тип доверливи услуги дадени од давателот на доверливи услуги КИБС на начин како што е пропишано.

## 3.8. Грижливост

Изостанувањето на грижата од страна на корисниците при работењето со цел да се спречи компромитирање или губење на приватниот клуч доведува до откажување на обврските на КИБС согласно овој Правилник. Потребната грижливост мора да се применува од страна на Корисникот постојано при извршувањето на операциите кои се поврзани со сертификатите, вклучувајќи ги контролите за валидност на дигиталниот сертификат пред да се потпре врз нив, почитувајќи ги органичувањата за одговорност и нивото на одговорност и тн.

## 3.9. Материјална обврска која произглеува од Правилата и условите на услугите

Непочитувањето на материјалните обврски наведени во Правилата и условите на услугите, резултира во неприменување на овој Правилник.

## 3.10. Мерки на безбедност

Неприменување на соодветни мерки на безбедност од страна на корисниците при проверка (валидација) и верификација потребни за спроведување на некои услуги (како издавање на електронскиот потпис, електронски печат и т.н.)

## 3.11. Мерки на претпазливост

Мерките на претпазливост резултираат со престанок на било кои права произлезени од овие Правила, за кој и да било пропуст на корисникот да примени соодветни мерки на претпазливост, пред и за време на спроведување на некои од услугите (како: издавање електронски потписи, електросники печати, временски жигови), понатамошното процесирање на потпишани пораки наменети за претплатник на сертификат на давателот на доверливи услуги КИБС со цел праќање на потпишани, доверливи и осетливи податоци.

Претходното се однесува во случаите кога за одредени услуги постои:

- неможност за одредување на валидноста на сертификатот,
- неможност за валидирање на сертификат во синџирот на сертификати за сертификат на претплатникот на КИБС, што резултира со неприменување на овој Правилник.

## 3.12. Незаконски дејства

Незаконски дејства од страна на корисниците било да се претплатници или засегнати страни извршени од лице, вклучувајќи агент – провокатор, кој ги принудува корисниците да извршат дејства кои причинуваат загуби или штети, резултираат во неприменување на овој Правилник.

КИБС може да бара соодветно надоместување за штетите причинети како резултат на незаконските дејства извршени од страна на корисниците.

## 3.13. Злоупотреба на услугите

Кое и да било лице кое причинува штети или злоупотреба на интернет, телекомуникациските или други услуги, употребувајќи или репродуцирајќи компјутерски вируси, нема право за обештетување.

Претходното се однесува на лицата кои со напаѓање или на друг начин придонесуваат да направат промена:

- со инверзно инженерство, директно или индиректно,
- во техничка имплементација на некоја од услугите на КИБС.

## 3.14. Оправдано нефункционирање на опремата

КИБС ќе оцени дали барањата за оправданото нефункционирање на инфраструктурата и на опремата на КИБС заслужуваат да се разгледуваат во согласно овие Правила.

Доколку претходното е настанато надвор од контролата на КИБС, кој во суштина ги извршува работите согласно на неговиот делокруг на работење, вклучувајќи ги испадите на електричната енергија или телекомуникациите кои се надвор од контролата на КИБС, не создаваат право за оштета според овие Правила.

## 3.15. Нефункционирање на хардверската и софтверската опрема:

Иако КИБС нема одговорност од испадите на хардверската и софтверската опрема изградена надвор или се наоѓа надвор од неговата непосредна сфера на влијание, тој настојува да користи хардверска и софтверска опрема од реномирани продавачи и да ги следи меѓународно познатите стандарди на своите производи и услуги.

## 3.16. Чуствителна опрема

Услугите на КИБС, базирани на јавните сертификациски услуги, се извршуваат на начин како што е опишано во правилата и условите за секоја доверлива услуга пооделно. Овие Правила не се применуваат кога производите од доверливата услуга се ставени во функција за чуствителна опрема вклучувајќи ги, но и не ограничувајќи се на нуклеарните капацитети, авионската навигација односно комуникација, системите за контрола на авионскиот сообраќај, системите за контрола на оружје и во сите случаи кои можат директно да предизвикаат смрт, повреда или штета.

## 3.17. Пред авторизација

Правилата не се применуваат на услуги кои се дадени без претходна авторизација, пред да биде извршено плаќање, вклучувајќи го одложувањето на плаќањето, без претходно добиена согласност.

### 3.18. Граници

Правилникот не е наменет да создаде права надвор од оние кои се наведени во Правилата и условите за спроведување на секоја услуга посебно.

### 3.19. Потенцијална одговорност

Овие Правила не ја покриваат потенцијалната одговорност на КИБС за загуба која е причинета со намерни дејства со измама или крајна небрежност од страна на корисникот.

## 4. Услови на осигурување

### 4.1. Вистинити факти

Овие Правила немаат влијание на барањата наведени како исклучоци под точка 3, осигурувањето ги опфаќа барањата што ќе бидат потврдени врз основа на вистински факти вклучувајќи ја одговорноста.

### 4.2. Побарувања по други основи

Правилата не се однесуваат на побарувањата врз основа на договори или побарувањата за одговорност кои не се поврзани со доверливите услуги на КИБС.

### 4.3. Сопствена грешка

Делумната или целосната одговорност што е предизвикана заради грешка на корисниците, а произлегуваат од нивното прекршување на гаранцијата или обврската наведена во Правилата и условите за користење на секоја услуга или во било кои други правила за осигурување на КИБС, ги прави неважечки сите барања за надоместување во рамките на овие Правила.

## 5. Валидност на осигурувањето

### 5.1. Општо

КИБС нема да прифати барање да изврши надоместување, освен ако корисникот поднесе барање за надоместување така како што е опишано подолу.

### 5.2. Рок

Сите побарувања мора да бидат предочени на КИБС без никакво одложување и во рок од максимум 3 (три) дена од откривањето на штетата.

### 5.3. Период на осигуран износ

Документираното оштетно побарување на осигуран износ мора да биде доставено до КИБС во време на траењето на периодот на осигурувањето. Датумот на истекувањето на дадената услуга мора да биде пред датумот на истекувањето на осигурителниот период.

## 6. Процедура на поднесување на побарувања

### 6.1. Случајни или последични штети

Овие Правила на КИБС ќе покријат случајни или последични штети настанати заради прекршување на некој од условите наведени во точка 2 придржувајќи се на границите уредени во точка 7 од истиот.

### 6.2. Процедура

Корисникот мора:

- Да испрати писмено барање користејќи електронски потпишана порака, препорачана пошта или курирска пошта без никакво одложување.
- Да работи заедно со КИБС на востановување на фактите за потврдување на барањето и вклучените страни.
- Да му овозможи увид во целокупната документација со уредна електронска евиденција и аргументирани факти, кои се потребни за утврдување на штетниот настан.

- Да изврши поднесување на сите побарувања кои може да ги има кон трети лица, а кои евентуално доведуваат до обештетување од страна на КИБС за плаќањата направени на корисникот, до висината на сумата платена од страна на КИБС.

### 6.3. Реакција на корисникот

Овие Правила нема да се применуваат во случај на несоодветна реакцијата на корисникот, што вклучува, но не се ограничува со следново: доцнење во соодветното информирање на КИБС за настанатите штети, отстапување од пропишаната процедура, непренесување на побарувањата кон трети лица виновни за настанување на штетниот настан.

## 7. Ограничување на обештетувања кон корисниците

### 7.1. Лимити на обештетување

Лимитите кои претставуваат максимален износ што КИБС може да го исплати на корисникот, дури иако штетата го надминува износот утврден од КИБС, се определени за секоја услуга посебно во рамките на Правилата и условите за користерње на соодветните доверливи услуги.

### 7.2. Распределување на побарувањата

Штетите што го надминуваат нивото на одговорност за дадената услуга ќе бидат распределени прво на најрано поднесените побарувања додека не се постигне конечно решение. КИБС нема обврска да исплати повеќе од максималниот износ на одговорност по услуга, без оглед на методот на распределба помеѓу побарувачите.

## 8. Ограничувања на плаќањата за засегнатите страни

### 8.1. Максимални ограничувања за засегнатите страни

Во правилата и условите за користење на соодветната доверлива услуга е дефиниран максималниот износ што може да биде исплатен на засегнататата страна, дури и ако штетите ја надминуваат сумата што ја определил КИБС. Без влијание на одредбите од точка 10.1 КИБС ја одредува границата по трансакција како што е наведено во соодветните правилата и условите за користерње на доверливата услуга. Оваа граница е определена и ќе биде почитувана без оглед колку пати се појавила грешка во давањето на услугата.

## 9. Ограничување на плаќањето за корисниците и засегнатите страни

### 9.1. Највисока граница на одговорност

Во рамките на дозволеното со закон, највисокото ниво на одговорност уредено во точките 7 и 8 ќе остане не променето, независно од бројот на доверливите услуги или побарувањата кои можат да бидат покриени во врска со употребата и користењето на услугите.

## 10. Максимални граници

### 10.1. Општо

Осигурителното покритие по штета и во агрегат (годишен кумулатив) се однесува на главницата, трошоците и каматата.

### 10.2. Максимални граници

Максималната граница е максималниот износ што КИБС може да му го надомести на корисникот (претплатник или засегната страна) за прекршување на ограничената гаранција во периодот на важноста на осигурувањето.

Плаќањата за обештетување кои ги врши КИБС, во крајна линија може да го намалат износот на средствата што се на располагање за идни плаќања.

### 10.3. Исцрпување на средствата на осигурување

Кога севкупниот износ определен од осигурувањето ќе биде исцрпен, КИБС нема повеќе обврска да изврши рефундирање на корисникот. Вкупното ниво на осигурување се соопштува индивидуално по поднесувањето на побарувањето.

## 11. Поединечен прекршок

### 11.1. Поединечен прекршок

Грешка во сертификационата услуга на давателот на доверливи услуги КИБС или заменување на лицето при проверка на идентитетот, се смета како поединечно прекршување без оглед на тоа колку корисници на информации се потпираат на квалитетот на дадената услуга.

### 11.2. Поединечна трансакција

Доколку претплатникот користи повеќе сертификати за иста трансакција, тој може да нагласи, во согласност со соодветната одредба од точка 6.2, кои сертификати обезбедуваат осигурување за таа трансакција.

## 12. Ажурирања и дополнувања

Правилава како и други договори и изјави поврзани со обезбедување на доверливите услуги на КИБС, можат повремено да се ажурираат и публикуваат на интернет. Корисникот е одговорен да ги следи промените и да ја добие последната верзија на овој Правилник и други договори кои што се однесуваат на обезбедување на услуги за кои што тој аплицира. Договорите стануваат валидни веднаш штом ќе бидат публикувани и остануваат важечки низ целиот период додека се наоѓаат во складиштето (веб страницата) за информации на давателот на доверливи услуги КИБС кои ги уредуваат продуктите и услугите дистрибуирани во тој период.

## 13. Виша сила

Според овие Правила и правилата и условите на поединечните услуги во случај на виша сила се поништуваат било какви права што произлегуваат согласно овие Правила.

## 14. Конфликт на одредби

Во случај на конфликт помеѓу овие Правила и правилата и условите на поединечните услуги, ќе се применуваат Правилата и условите од поединечните услуги.

## 15. Одвоивост

Доколку некоја од одредбите на овие Правила, или примената која произлегува од нив, од било која причина и во било која мерка е невалидна или непредвидлива, останатиот дел од Правилава (и примената од неважечката или непримернливата одредба за други лица или околности) ќе биде интерпретирана на начин што ќе влијае поволно на намерите на страните.

Одредбите од овие Правила обезбедуваат ограничување на одговорноста, одрекување или ограничување по било какви гаранции или други облигации, или исклучување на штети, ќе се земаат предвид одвоено и независно од било која друга одредба и ќе бидат спроведени како такви.

## 16. Надлежен закон

Овој Правилник за осигурување е изготвена согласно правото во Република Македонија. Судовите во Скопје имаат исклучива надлежност за било кој спор поврзан со овие Правила.

## 17. Законски права

Овие Правила не влијаат на законските права на корисникот што произлегуваат од домашната регулатива, вклучувајќи ги законите за потрошувачи и законот за заштита на лични податоците.

Македонската верзија од овие Правила за осигурување од професионална одговорност е оригиналната верзија и има приоритет врз верзиите објавени на други јазици.

**КРАЈ НА ДОКУМЕНТОТ**